УДК 94(497.7)
930.85(497.7)

БРАНКО ПАНОВ, МАКЕДОНИЈА НИЗ ИСТОРИЈАТА, „МЕНОРА“, СКОПЈЕ, 1999, 298 СТР.

Најновото научноистражувачко дело на проф. Бранко Панов „Македонија низ историјата“ претставува значаен принос во проучувањето и расветлувањето на низа прашања од македонската средновековна политичка, културна и црковна историја (етногенезата на македонскиот народ, создавањето на писменоста, македонските градови во XI и XII век, профили на значајни историски личности), како и некои појави од македонската историја и култура во XIX и XX век.

Уште на почетокот авторот зафаќа едно од најважните прашања за секој народ - етногенезата на македонскиот народ, што и денеска предизвкува многу недоразбирања во историографиите на нашите соседи. Почетокот на овој долготраен и сложен процес авторот го бара уште во времето на првите доселувања на Словените во Македонија (VI-VII), не заборавајќи да ја истакне симбиозата што настанала меѓу словенските доселеници и староседелците - Македонци, кои во текот на тој процес им го наметнуваат на Словените - пагани името Македонија и Македонци, па се создава и една нова етнокултура на просторот во Македонија.

Во книгата е проследен и развитокот на македонската државност, која почнува со создавањето на македонските склавинии (VI век), а завршува со формирањето на првата средновековна држава во Македонија (969-1018). Имено, доселените словенски племиња скоро започнале да ги означуваат своите територии како склавинии, именувани според името на племето што ги населувало (Берзитија, Драговитија итн.). Овие полудржавни формации успеале да ја задржат својата внатрешна самоуправа и по наложувањето на византиската власт.

Бугарските завладувања во Македонија започнале во почетокот на IX век, што резултирало со една попопустлива политика на Византија кон Словените. За таа цел и бил поставен Методија, братот на Константин Филозоф, за управник на едно „Словенско кнежевство“ во период од 10 години (845-855), кое авторот го убицира во рамките на Стримонската склавинија. Во рамките на ова кнежевство дејствува како мисионер и брат му Константин. Веројатно токму во времето на оваа т.н. Брегалничка мисија, според авторот, треба да се бараат и почетоците на словенската

писменост, па и на словенската азбука - глаголицата (855).

Бугарските и византиските владеења во Македонија воспоставиле феудални односи, а засилената експлоатација довела до засилување на отпорот против туѓото господство. Во времето на бугарскиот владетел Петар (927-969), отпорот на македонското население особено се изразил преку богомилското учење на Поп Богомил што се развило, како движење, главно, на македонска почва. „За широките размери на богомилството во Македонија во овој период - одбележува Б.Панов - богати и речиси единствени изворни податоци содржат и повеќе писма на Теофилакт Охридски, кој за време на владеењето на императорот Алексиј I Комнион (1081-1118) стоел на чело на Охридската архиепископија".

По смртта на царот Петар (969), комитопулите Давид, Мојсеј, Арон и Самуил успешно ја отфрлиле бугарската власт и ја формирале новата македонска држава. По второто востание (976) на чело на државата останал да владее Самуил, којшто во последните години на X век бил признат за цар, а неговата држава за царство, додека црквата била издигната во ранг на архиепископија. Со тоа, смета авторот, и завршил процесот на создавањето на македонскиот народ, а царската династија продолжила, преку Гаврил Радомир и Јован Владислав, до ликвидирањето на Македонското царство (1018). Во XI век македонскиот народ се обидел, преку востанието на Петар Делјан (1040-1041) и она на Георги Војтех (1072-1073), да го отстрани византиското господство и да ја обнови македонската држава.

Проф. Панов ги зафаќа и настаните од крајот на XI век, кога на Балканскиот Полуостров продреле Норманите и завладеале со дел од западниот дел на Македонија. Сепак, византиската власт успеала да се одржи сè до 1204 година. По обновувањето на Византиската Империја (1261), повторно била наметната византиската власт во Македонија. Кон крајот на XIII век започнале и српските продирања и завладувања, кои во времето на Стефан Душан (1331-1355) стигнале дури до Серез (1345). По смртта на царот Душан (1355) започнало брзото распаѓање на неговата држава и создавањето на нови феудални држави на чело со свои владетели. Во тој период било создадено и кралството на Волкашин (1365) со седиште во Прилеп, како и Серската држава на деспотот Јован Углеша, братот на Волкашин. Кон крајот на XIV век Македонија станала цел на турските напади и освојувања и единствени владетели што се обиделе да се спротивстават биле кралот Волкашин и деспот Углеша, кои и го загубиле животот во битката со Турците кај р. Марица (1371). „Тоа пак било причина, - според искажувањата на проф. Панов, - во 80-те години на XIV век кралот Марко (1371-1395), наследникот на Волкашин, да стане вазален владетел". Наскоро потоа истото го сториле и браќата Дејанови. Притоа авторот посебно се задржува на Косовската битка (1389) и на последиците за Македонија. По смртта на Константин Дејанов и на кралот Марко во битката кај Ровине (1935),

Македонија целосно потпаѓа под Османлиите.

По Косовската битка сите балкански земји морале да ја признаат врховната турска власт. Османската Империја ја задржала својата надмоќ до Австриско-турската војна (1683-1699), кога по поразот кај Виена (1683) Турците веќе се повлекле кон југ. Оваа ситуација ја искористиле потчинетите балкански народи за засилување на ослободителната борба. Со наближувањето на австриската војска кон Македонија, во северните македонски краишта било кренато Карпошовото востание во 1689 година. Официјалната австриска политика се залагала за ослободителни акции на потчинетите народи, иако, всушност, се стремела за исполнување на своите завојувачки цели. Проф. Панов укажува дека со признавањето на посебноста на македонскиот народ кон крајот на XVII век, Австрија придонесла Македонија, како историско - географска и етничка целина, да добие посебен третман како во европските дипломатски кругови така и во научните дисциплини.

Книгата на Панов придонесува и за расветлување на историјата на македонските градови во XI и XII век, чијшто број забележливо се зголемил уште во времето на државата на Самуил и на неговите наследници (969-1018). Македонско - византиската војна влијаела на тоа македонските градови да израснат во типични средновековни градови - тврдини. Во византиското владеење (1018-1204), освен многубројните новоизградени градови, биле обновени и повеќе разурнати ѕидишта на градовите.

Една од мноштвото појави обработени во ова дело е и личноста и дејноста на Јован Кукузел. Особено внимание му е посветено на неговото потекло. Б. Панов смета дека изворните податоци „сепак упатуваат да го прифатиме како најубедливо гледиштето за словенското т.е. македонското потекло на Јован Кукузел". Изворните податоци, вели тој, „овозможуваат со доста резерва да се изјасниме дека Јован Кукузел живеел кон крајот на 60-те или 70-те години на истиот век". За Кукузел, создавачот на неовизантискиот нотно - невматски систем и на средновековното пеење и автор на голем број музички дела, проф. Панов вели: „Овој голем музички творец зазема значајно место и во историјата на македонскиот народ, зашто со мотивите кои ги внел со своето творештво ја овековечил и својата македонска словенска средина".

Во вториот дел од книгата на проф. Бранко Панов се обработени теми од XIX век и првата половина на XX век. Најголем интерес авторот појавил во проучувањето на историските околности во Струмичкиот крај во овој период. Во обемната студија за црковно - просветните борби во Струмичко во XIX век истакнува дека Струмица претставувала воено - административен, трговско - економски и црковно - просветен центар, каде што постоеле грчки училишта уште во првата половина на XVIII век, кои служеле како средишта за ширење на грчката идеја. Оформувањето на граѓанството во Струмица значело и зајакнување на борбата против Патријаршијата. Меѓутоа, со образувањето на Бугарската егзархија (1870) започнала

да дејствува и бугарската пропаганда што ги користела како сојузници блискоста на јазикот и заедничките акции против грцизмот. Сепак, и во 80-те години на XIX век Патријаршијата останала доминантна институција во оваа област. Зголемените насилства што ги вршела Патријаршијата довеле до помасовно прифаќање на Бугарската егзархија. Со слабеењето на грчките позиции, почнале да противдејствуваат и големосрпската, католичката и протестантската пропаганда.

Истовремено со дејствувањето на пропагандите, се засилувал и отпорот на населението, особено по формирањето на МРО (1893), во којашто била опфатена и Струмичката околија како револуционерен округ, на чело со окружен комитет. Освен тоа, преродбенското движење, кое зело силен замав од почетокот на XIX век, го зафатило и Стрмичко - дојранскиот крај. Тоа се должело на сè позасиленият развиток на занаетчиството и трговијата во овој дел на Македонија што создавало услови за национално будење. За развитокот на преродбенските идеи во овие краишта се заслужни повеќе македонски дејци, некои селски првенци и учители.

Следејќи ја историјата на Струмица, проф. Панов го опфаќа и периодот на Балканските војни. По првата балканска војна (1912) Струмица останала под власта на српски командант, а по Втората балканска војна (1913) и со потпишувањето на Букурешкиот договор (28 VII/10 VIII 1913) Струмица се нашла во границите на Бугарија. Веќе во 1914 година избувнала Првата светска војна и тогаш Струмица и Струмичко биле претворени во средиште на бугарските врховистички чети, а со проширувањето на воените дејствија, станале центар на жестоки борби помеѓу Антантата и Централните сили. Воените акции престанале со победата на Антантата. Според Солунското примирје (1918), Бугарија била принудена да се повлече. Со решенијата на Париската мировна конференција (1919), Струмица припаднала на Кралството СХС.

Во овој дел од својата книга проф. Панов му отстапува место и на еден од најзначајните македонски драмски писатели од периодот меѓу двете светски војни и еден од основоположниците на современата македонска драмска литература Антон Панов. Според документацијата за него авторот заклучува дека „навистина се потврдува тоа што самиот автор го искажал засебе, дека секогаш настојувал 'стоејќи на прогресивни позиции' да се најде 'на една линија заедно со македонскиот народ' ".

Панов се задржува и на дејноста на Македонското научно-литературно другарство во Петербург, одразено во научното творештво на акад. Љубен Лапе. Во своите научни прилози („Создавање на Славјано-македонското другарство во Петроград и неговиот устав" од 1964, „Истражувања на македонски интелектуалци за словенската заемност во крајот на XIX и почетокот на XX век" од 1968 година и др.), акад. Лапе „фрла голема светлина врз повеќе отворени или неразрешени прашања кои се однесуваат на руско-македонските врски во овој временски период".

Близок до проблематиката на Другарството е и прилогот за ставот на

Николај Н. Дурново за македонското прашање, којшто се застапувал за македонската теорија за народноста на Македонците. Во статијата „Кон етнографијата на Македонија и македонското прашање“ („Славянскѣй Вѣкъ“, Виена, 1900) тој нуди решавање на прашањето преку создавање „посебна словенска област“ на Балканот, Словено-Македонија, со престолнина во Охрид. Од особен интерес за Б. Панов се и научните резултати презентирани од други прилози во списанието Слав „Славянскѣй Вѣкъ“ (1900-1904), во коешто Македонците биле третирани како посебен словенски народ, како и дописките од теренот, апелите од разни научници, друштва и сл. за секаков вид помош на Македонците за отстранување на турската власт. Меѓу другото, списанието објавува важни информации и за создавањето, целта и Уставот на Македонското научно-литературно другарство во Петроград (1902). Публицитет добило и Илинденското востание. Вестите во „Славянскѣй Вѣкъ“, вели проф. Панов, „треба да заземат соодветно место меѓу значајните извори за историјата на македонскиот народ во поилинденскиот период“.

Општо земено, оваа најнова книга на познатиот медиевалист Бранко Панов претставува сериозен придонес кон расветлувањето на важни проблеми, поврзани со процеси, појави, настани и личности од средновековјето, но и од периодот на XIX и првата половина на XX век.

Билјана РИСТОВСКА-ЈОСИФОВСКА